**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

# О Г Л А С

за искажување интерес

за работа во Проектна единица за имплементација на Проектот за реконструкција и доградба на јавните здравствени установи во РМ **за следната позиција:**

**Машински инженер – 2 работни места**

**Обврски и одговорности:**

Составен дел е од тимот за имплементација на Проект за реконструкција и доградба на објектите на ЈЗУ во РМ, одговорен за конкретен дел од изведбата (согласно искуство во областа). Изработува проектни задачи и ги координира активностите на проектантите и ревидентите од соодветната област. Врши ревизија на проектна документација (контрола на пресметки, технички спецификации и количини во предмер пресметка).

Учествува во подготовка на тендерска документација и врши евалуација на понудите, според Закон за јавни набавки и според процедурите на Светска Банка и FIDIC.

Врши надзор над квантитетот и квалитетот на изведените работи, ги координира и контролира работите на изведувачот и надзорниот орган соодветно за областа за која е ангажиран. Асистира на техничкиот координатор и техничкиот директор. Дава поддршка на процесот за мониторинг и евалуација на проектите.

**Вештини:**

- Искуство и добри препораки во областа на машинството
  Способност за ефективна комуникација (на македонски и англиски јазик–усно и писмено)
- Способност за работа со еден или со повеќе тимови
- Способност за поставување приоритети и силни организациски вештини
- Способност за изготвување извештаи
- Проактивен пристап и ориентираност кон решавање проблеми
  Важечка возачка дозвола – Б категорија

**Образование:**
- Висока стручна спрема - студии од областа на машинството

**Искуство:**
Најмалку 7 (седум) години професионално искуство во соодветната област
- искуство во проектирање, ревизија, изведба или надзор на здравствени објекти ќе се смета за предност
- одлично познавање англиски јазик
- изработка на проекти и/или ревизија на проектна документација во дел на машинство–термотехника, медицински гасови, пневматски транспорт, лифтови, ескалатори
- изведба и/или надзор над изведба на машински инсталации–термотехника, медицински гасови, пневматски транспорт, лифтови ,ескалатори
- познавање релевантни стандарди од областа (проектирање и изведба здравствени објекти)
- искуство и познавање на FIDIC ќе се смета за предност
- работа со компјутери и канцелариски софтвер пакети (Auto CAD, MEP software, word-processing, excel, power point, датабази и интернет)

Заинтересираните кандидати може да се пријавуваат до **10 септември 2016** г, потребно е да достават биографија (CV), мотивациско писмо, сертификат за познавање англиски јазик

и останата документација, во архивата на Министерство за здравство (или по пошта на адреса: ул.50 Дивизија бр.14), или на е-пошта marija.nikolovska@zdravstvo.gov.mk со НАЗНАКА – **оглас за Проектна единица за реконструкција на ЈЗУ .**